Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2743/19
29.12.2017 год.
Скопје

Врз основа на член 55 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје Деканатската управа на својата VI редовна седница одржана на 25.XII.2017 година, а во врска со член 8 став 1, 2 и 3 од Законот за слободен простап до информации од јавен карактер (Сл. Весник бр.13/06), на Филозофскиот факултет во Скопје се донесе

# О Д Л У К А

за определување службено лице за посредување
со информации

**Член 1**

**Василка Наумоска**, соработник за човечки ресурси во Одделението за правни и општи работи на факултетот се определува за службено лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Деканот на Филозофскиот факултет во Скопје, како имател на информации.

**Член 2**

Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Деканот на Филозофскиот факултет во Скопје согласно со листата на информации утврдена со Одлука бр.02-1408/11 од 17.09.2010 година и им помага на барателите на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања на информации, чувањето и давање на информациите, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Факултетот.

**Член 3**

Службеното лице за посредување со информации, по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до Деканот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Деканот или по негово овластување продеканите или секретарот соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член5**

Оваа Одлука да се објави на веб страната на Филозофскиот Факултет во Скопје.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно усвоената Одлука за измени и дополнување на Одлуката за определување службено лице за посредување со информации на VI-тата редовна седница на Деканатската управа одржана на 25.XII.2017 година бр. 02-2743/7 од 27.12.2017 година, како и констатираната фактичка состојба Деканската управа донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваната, деканот, продеканите, Одделението за правни и општи работи, Одделението за финасиско, сметководствено и материјално работење, секретарот и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Ратко Дуев

Изготвил: Игор Панев
Одобрил: проф. д-р Аница Драговиќ